**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-1011
11. 09. **2015 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-5391/1 од 10.09.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради обезбедување употреба на јазик спротивно на член 64 од истиот Закон, од страна на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата на ден 11.09.2015 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка - опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 64 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14), а казнива по член 147 став 1 точка 13 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, на 4, 5, 6, 7 и 8 септември 2015 година, реалното шоу „Голем брат“ (Big Brother) се емитувало на странски јазици (српски, хрватски, бошњачки, црногорски), без превод на македонски јазик.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5391/1 од 10.09.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат

операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој Закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи - Одделението за културен идентитет, на 10 септември 2015 година, извршила вонреден програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4, 5, 6, 7 и 8 септември 2015 година, при што било констатирано дека радиодифузерот го емитувал реалното шоу *„Голем брат"* (Big Brother) во коешто разговорите меѓу учесниците/водителите биле емитувани изворно на странски јазици (српски, хрватски, бошњачки и црногорски јазик), без превод на македонски јазик, со што го прекршил член 64 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5391/1 од 10.09.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5391/1 од 10.09.2015 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, се презема мерка – опомена и со кое на радиодифузерот му наложи, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
СКОПЈЕ

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5391/1 од 10.09.2015 година.

**Доставено до:**

- Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.